MK SIGAL Insurance Group

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 67 / 1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

### Член 1

Се усвојуваат измените на Општи услови за осигурување од одговорност бр. 2020/0202-202 од 01.01.2021 година.

### Член 2

1. Во членот 2 „Значење на одделни изрази", зборовите „*УНИКА АД Скопје*" се заменуваат со зборовите „*СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје*."

2. Во член 12, се менува точката 3 и се додава нова точка 4 , кои гласат :

   *(3) Вкупната обврска на осигурувачот за сите осигурени случаи што настанале во периодот на осигурувањето (агрегатен лимит) се наведува во полисата за осигурување – вкупна годишна сума на осигурување..*
   *(4) Вкупната годишна сума на осигурување се намалува за исплатата на секој поединечен надомест на штета. По исцрпување на вкупната годишна сума на осигурување, договорот за осигурување престанува да важи*

3. Во Членот 13 „Обврска на осигуреникот по настанување на осигурен случај", се менува меил адресата, односно зборовите „*info@uniqa.mk*" се заменуваат со зборовите „*info@sigal.com.mk*"

4. Во Членот 13 се додава нов став (11) и истиот гласи:

   „(11) *Договорувачот, осигуреникот, корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови. Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.*"

5. Во Членот 18 „Непосредно барање на оштетено лице" став (5), се менува меил адресата, односно зборовите „*info@uniqa.mk*" се заменуваат со зборовите „*info@sigal.com.mk*"

6. Во Членот 52 „Завршни одредби" став (1), се менува меил адресата, односно зборовите „*info@uniqa.mk*" се заменуваат со зборовите „*info@sigal.com.mk*"

7. Се менува член 50 „Надлежност во случај на спор" и истиот ќе гласи:

*„Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.“*

8. Се менува Член 53 и истиот ќе гласи:

   *„Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи.“*

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив и новата маил адреса на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување .

Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд и застареност.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL
MK Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција